*Отворен повик*

*За*

*Ангажирање на компанија за спроведување на медиумска кампања*

Сојуз Национален Совет за Родова Рамноправност (НСРР) со седиште во Скопје, има потреба од ангажирање на компанија која ќе изработи и спроведе:

1. Медиумска кампања – „16 дена активизам за борба против насилството врз жените“ во период од 25 ноември до 10 декември 2024 година.

**Цел на активноста**

Цел на оваа кампања е подигање на општествената свест за спречување на насилството врз жените и девојките. Една од главните стратешки цели на НСРР е превенција на родовите стереотипи и сексизам, насилство врз жените и семејното насилство, во рамки на која континуирано се работи на намалување на насилството врз жените и семејното насилство како и реинтеграција на жртвите. Во рамки на НСРР функционира првата, национална бесплатна СОС линија 141 700, достапна на македонски, албански, ромски и турски јазик. Исто така, во текот на 2023 година е основано и Советувалиштето на жени жртви на семејно насилство, каде специјализиран тим нуди бесплано правно и психо-социјално советување.

**Задачи на компанијата**

1. Да соработува и да ги следи насоките за изработка и спроведување на кампањата од лицето назначено за комуникација од НСРР;
2. Да изработи дигитален маркетинг план и визуелен идентитет на кампањата во согласност со насоките од нарачателот;
3. Да го презентира дигиталниот маркетинг план и визуелен идентитет на кампањата пред нарачателот и да го модифицира во согласност со дадените насоки од нарачателот;
4. Да спроведе медиумска кампања согласно темата и договорот во времетраење од 16 дена, во период од 25 ноември до 10 декември 2024. Вкупно времетраење на целиот ангажман е два месеци;
5. Да изработи извештај за постигнатите резултати и да го достави на нарачателот.

**Временска рамка и вредност на договорот**

Компанијата ќе има период на реализација на активноста од еден месец од датумот на одобрување на презентираниот дигитален маргетинг план и визуелен индентитет за кампањата. Вредноста на договорот не може да надмине **3000 евра** во денарска противредност. Бидејќи станува збор за проект кофинансиран од Европската Унија, кампањата мора да биде **ослободена од ДДВ.**

**Критериум за апликантите**

Компаниите што ќе аплицираат треба да ги исполнуваат следниве критериуми:

1. Компанијата треба да е формирана согласно Законите во Република Северна Македонија и активно да работи во последните две години.

**Потребна документација за аплицирање**

При аплицирање сите заинтересирани компании треба да достават:

- Краток опис на компанијата;
- Портфолио на сработени кампањи за дигитални медиуми;
- Биографија на најмалку едно лице со искуство во изработка и спроведување на кампањни, односи со јавност, маркетинг и работа со социјални медиуми, кое ќе биде ангажирано во активноста;
- Предлог концепт за медиумска кампања со предложени форми на комуникација;
- Тековна состојба, не постара од 6 месеци;
- Финансиска понуда.

Целосната документација треба да биде доставена во електронска форма на македонски јазик на е пошта: teazografska@gmail.com , stankovikmartina@gmail.com и sozm@.mk со предмет: **Понуда за МЕДИУМСКА КАМПАЊА**. Понудите треба да се доставаат најдоцна **до 01.11.2024 година**. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.